Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 02.01.2020

На 01.01.2020 во 23.20 часот во Горно Нерези, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.С.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2020 во 20.40 часот на ул.„Партизанска" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Д.К.(35) од Охрид, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против К.К.(38) и Х.М.(19), двајцата од с.Банско и против М.Т.(27) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.04.2019 на регионалниот пат Струмица - с.Куклиш, пред с.Банско, полициски службеници извршиле преглед над пријавените, кои биле во патничко возило „форд фиеста", при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.К.(34) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 02.11.2019 на локален пат во с.Белановце, општина Липково, без регистрирана дејност и без лиценца со товарно возило „газ", вршел јавен превоз на огревно дрво.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.П.(55) од Р.Албанија, овластено лице во фирма од Албанија со седиште во Скопје, против Б.А.(33) од Скопје, вработен во Државен пазарен инспекторат Скопје и Н.Ф.(66) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „тешки дела против општата сигурност" и против правниот субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". В.П. во 2017 и 2018 година потпишал договор со А.Д. МЕПСО за реконструкција на 110KV далековод, а со градежни активности започнале на почетокот од мај 2019 година. В.П., исто така, во име на правното лице склучил усмен договор со Б.А., за демонтирање на бетонски столбови од трасата на далеководот, а потоа Б.А. преку усмен договор ангажирал негови работници, помеѓу кои и Н.Ф. На 01.09.2019 помеѓу селата Горно Трогерци и Горни Балван, општина Карбинци, Б.А. и Н.Ф., при сечење на арматурното железо со оксиген, од искрите предизвикале пожар, во кој биле опожарени 70 хектари земјиште, 55 хектари сува трева, ожнеани ниви и нискостеблести растенија, земјиште сопственост на Р.С. Македонија и комплетно биле уништени 15 хектари на насади со вишни, креши и ореви сопственост на физичко лице од општина Пробиштип. На тој начин тие предизвикале материјална штета од 21.269.755 денари.

На 01.01.2020 околу 13.00 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на место викано „Петини рид", атар на с.Луке, кривопаланечко, М.Д.(37) од Крива Паланка, додека бил на лов, бил погоден од залутано зрно и се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во болницата во Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2020 во 17.30 часот во СВР Тетово, В.Ј.(60) од Гостивар пријавил дека на ул.„Никола Тесла" во Гостивар бил каснат од куче скитник на левата нога.

На 01.01.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје, Р.В.(52) од с.Бањани, скопско, пријавила дека околу 13.45 часот настанал пожар во Партизански дом - Мирковци во с.Сандево, при што била опожарена дрвената влезна врата. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 01.01.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје, С.В.(25) од Скопје пријавил дека во 08.00 часот на ул.„14" во нас.Припор бил физички нападнат од С.А. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2020 во 21.16 часот во СВР Скопје, Д.И.(70) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот во бараки од поранешен Геолошки завод настанал пожар при што била опожарена настрешница на една од бараките. Пожарот бил изгаснат од екипа од Бригадата за противпожарна заштита од Скопје, а повредени лица нема.

На 31.12.2019 во 21.15 часот во Полициската станица Кратово, В.Ј.(49) од с.Куклица, кратовско, пријавил дека околу 21.00 часот во с.Страцин, кратовско, во куќата на неговите баба и дедо, едно лице се обидело од нив да одземе пари, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.А.(24) и М.Д.(24), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 10.02.2019 пријавените физички го нападнале Е.С. од Штип и му одзеле пари и мобилни телефони.

На 01.01.2020 во 23.50 часот во СВР Скопје, Г.Т.(42) од Скопје пријавил дека околу 22.50 часот во автобус на ЈСП со бр.57 три лица физички го нападнале неговиот син и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Н.А.(28) и М.А.(17) од село Патишка река, општина Сопиште и Ф.Ќ.(34) од село Страхојадица, општина Зелениково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Н.А. и М.А. со лажно прикажување и прикривање на факти го довеле во заблуда В.Ј.(65) од село Ранченци, општина Свети Николе, при што противправно му одзеле 14 грла говеда, од кои 10 ги присвоил и пренел Ф.Ќ., ветувајќи му дека парите ќе му ги дадат на денот на купопродажбата од кои дел во готово, а останатите на трансакциска сметка ќе бидат уплатени на неговиот син преку нивна фирма. Со извршеното кривично дело пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 615.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ј.В.(44) од село Беловиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.12.2019, на крстосницата од улица „Загорје" со регионален пат Кичево - Осломеј, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „БМВ", управувано од пријавениот, при што во возилото и кај него биле пронајдени и одземени хероин и марихуана. Исто така, како совозач во возилото се превезувал М.Н.(31) од село Здуње, за кого била распишана централна потерница и тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гостивар.

На 02.01.2019 во 04.10 часот во СВР Скопје, А.А.(25) од с.Илинден, скопско, пријавил дека околу 03.00 часот во угостителски објект на ул.„Димитрије Чуповски" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2020 во 01.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Кочо Рацин" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.П.(18), Г.Г.(41), И.П.(41) и еден 17- годишник, од една страна, и Г.К.(20), М.Н.(20), М.Д.(19), В.Ј.(20), Н.Ј.(21) и В.Ч.Т.(20), од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2020 во 05.45 часот во Полициска станица Кавадраци било пријавено дека во Општа болница Кавадарци бил донесен Ѓ.Ј.(18) од Кавадарци, со убодна рана. По првичните информации Ѓ.Ј. со повредата се здобил при прослава на Новогодишните празници во стан на ул. „Велько Влаховиќ" во Кавадарци. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет